Доколку во текот на извршувањето на буџетот, градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на советот изменување и дополнување на буџетот.

Советот на општината на предлог на градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот (ребаланс) најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 8**

Извршувањето на буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходите и другите приливи, како и извршување на расходите и другите одливи во согласност со одобрените средства.

**Член 9**

Буџетот на општината се извршува во согласност на начелата на сеопфатност, специфичност, економичност, транспарентност и сигурно финансиско управување.

**Член 10**

Корисниците на средствата на Буџетот се одговорни за извршување на расходите и други одливи, во согласност со одобрените средства.

Корисниците на средствата на Буџетот се должни одобрените средства да ги користат наменски.

Секој расход или одлив мора да се заснова на веродостојна сметководствена документација со која се докажува обврската за плаќање.

**Член 11**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изгвотвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансиски план по месеци.

**Член 12**

Општинските локални јавни установи во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесуваат, до Градоначалникот доставуваат писмени месечни извештаи со образложение за извршување на нивните финансиски планови.

**Член 13**

Градоначалникот доставува до Советот на општината писмен квартален извештај со образложение за извршување на Буџетот во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

**Член14**

Исплатата на платата на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, согласно Закон за исплата на платите во Република Северна Македонија, Закон за административни службеници, Закон за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката, Закон за работни односи, колективни договори и други законски, подзаконски и интерни акти..

а) Исплатата на платата на градоначалникот на општината се врши според одредбите од Закон за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката со примена на следниот коефициент за утврдување на плата на градоначалникот кој изнесува:

- за градоначалник на општина до 10.000 жители коефициент 2.70 применет на основица за пресметка на платата која изнесува 26.755,00 денари.

б) За вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на платите (бруто) за 2020 година се утврдува со посебна одлука, која ја донесува Советот согласно Закон за административни службеници. Работното искуство на државниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за звање, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

в) За вработените кои немаат статус на државни службеници, платата ќе се исплатува согласно Правилникот за плата на вработените во општината, со вредноста на бодот, која соодвествува на вредноста на бодот утврдена со посебна одлука за административните службеници, Закон за минимална плата и други закони со кои се утврдува висината на платата.

г) За вработените во локалните јавни установи платата ќе се исплатува согласно важечките коефициенти и утврдената вредност на бодот регулирани со потпишаните Колективни договори со ресорните министерства.

**Член 15**

На членовите на советот на општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок за патни и дневни трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овој член се обезбедуваат во буџетот на општината.

**Член 16**

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот изнесува 40% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

**Член 17**

На претседателот на советот на општината, за раководење и организирање на работата на советот, надоместокот од член 16, се зголемува за 30%.

**Член 18**

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седиците се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на советот. Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува ,доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 19**

На членовите на советот на општината им се исплатуваат надоместоците за патни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

**Член 20**

Исплатата на плати на локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Буџетските корисници од локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се задолжени два дена пред исплатата на плати до општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе се приложат обрасци ПДД-МП и МП-1, копие од рекапитулацијата за пресметани нето и бруто плати, образец Ф1 за бројот на вработени по име и презиме, бруто и нето плати како и други податоци во пишана и електронска верзија (на цд, дискета, е-маил и др.) за односниот месец за кој се однесува исплатата.

**Член 21**

Во случај на нови вработувања буџетските корисници од локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М1.

**Член 22**

По извршената контрола согласно планираните средства во буџетот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи се доставуваат до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотацијата.

**Член 23**

Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за култура, доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставува до Министерство за финансии за контрола и евиденција.

**Член 24**

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованиeто и социјалната заштита се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на РСМ за тековната фискална година, согласно член 51, став 1 и 4 од Законот за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината за потреба од вработување во локалните јавни установи за испразнетите работни места со соодветна пропратна документација (решение за пензионирање, решение за престанок на работен однос по основ на смрт и/или по сопствено барање, или по било кој правен основ)

- вработувања за кои се обезбедени средства од буџетот на општината за тековната фискална година за што согласно член 51 став 3 и 4 од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Буџетските корисници на средства од буџетот на општината, можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места, да вработуваат работници на определено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи само под услов ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината.

Градоначалникот на општината дава писмено известување, по претходно дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

**Член 25**

Надоместокот за превоз и хранарина се внесени во бруто платата на вработените.

**Член 26**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, на вработените му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен. Надоместоците се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација и донесено решение од Градоначалникот на општината.

**Член 27**

Во случај на смрт на вработениот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000,00 денари.

На вработениот во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари по семејство.

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта и донесено решение од Градоначалникот на општината.

За работниците ангажирани со договор за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

. **Член 28**

Во случај на заминување на работникот во пензија му се исплатува двократен износ за отпремнина пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата и се планираат во Буџетот на општината за 2020 година. Средствата за работникот кој заминува во пензија се планираат на потставката Трансфери при пензионирање. Надоместокот се исплатува врз основа на донесено решение од Градоначалникот.

**Член 29**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници е преку набавки со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавките на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложено фискална сметка, при што расходите треба да бидат класифицирани по соодветни расходни конта.

**Член 30**

Во буџетот на општината за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи можат да се планираат средства како постојана и тековна резерва.

Постојаната и тековната резерва не може да надмине 3% од вкупно планираните средства во основниот буџет на општината.

За користење на средствата на резервите од став 1 на овој член одлучува советот на општината, а ги извршува градоначалникот.

По исклучок од став 3 на овој член, за користење на средствата од резервите во износ од најмногу од 50.000,00 денари одлучува градоначалникот.

Одобрените средства во постојаната буџетска резерва се користат за отстранување на последиците од елементарни непогоди, епидемии и еколошки катастрофи и не можат да се намалат со прераспределба во тековната година, а доколку се недоволни можат да се зголемат со прераспределба.

Одобрените средства во постојната буџетска резерва се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни.

Градоначалникот на општината му поднесува на советот на општината Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 31**

За средствата распоредени во сите програми и потпрограми во Буџетот за 2020 година одлучува Градоначалникот во рамки на утврдени износи во Буџетот, освен за трошење на средствата од подставките во програма Совет на општина и тоа:

- тековна резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до невладини организации
- трансфери до спортски клубови
- други трансфери за кои одлучува Советот

**Член 32**

Средствата утврдени во Буџетот на општината и распределени во поделните програми и подпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

**Член 33**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатените односно наплатените приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаи каде надлежноста припаѓа на други органи.

Правото на поврат ,односно пренасочување на приходите ,застарува во рок од пет години од денот кога истите се уплатени, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

**Член 34**

Општината и локалните јавни установи водат евиденција и вршат пријавување на преземени повеќегодишни обврски (ПО1 образец) и преземени обврски за тековната година (О1 образец).

**Член 35**

Општината и локалните јавни установи месечно вршат пријавување на доспеаните и недоспеаните обврски за тековната и наредните две години во електронскиот систем (ЕСПЕО) во Министерство за финансии.

**Член 36**

Буџетот на општина Македонски Брод се извршува од 01.01.2020 до 31.12.2020 година.

**Член 37**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр.18-974/3**
**30.12.2019 год.**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

## БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2020 ГОДИНА

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на ЕЛС („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2004, 96/04, 22/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и 244/19) Советот на Општина Македонски Брод на 31-та седница одржана на ден 30.12.2019 година, донесе

### БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР

| МОЖЕН РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ-ОДГОВОРНОСТИ |
|---|---|
| од 15/02/20<br>до 01/03/20 | Формирање на работни група на иницијатива на градоначалникот.Делегирање на лица од секој релевантен сектор, кои ќе бидат назначени за спроведување на Планот на програмите за развој (ППР) |
| од 01/03/20<br>до 03/03/20 | Формирање на управно тело (УТ) од редот на делегираниот персонал |
| Од 04/03/20<br>До 29/03/20 | Подготовка на стандарден формат (од УТ) во кој ќе се определи рамката во која ќе се опишуваат предлог проектите и инструкциите за нивната подготовка |
| Од 01/04/20<br>До 30/04/20 | Активности на останатите делегирани членови |
| Од 01/05/20<br>До 15/05/20 | Подготовка на листа на инвестициони цели |
| Од 06/05/20<br>До 23/06/20 | Проценка и приоритизација на потребни видови инвестиции базирано на информациите обезбедени преку:<br>-потребни основни средства<br>-честост на поправки,реконсрукции<br>-честост на одржување<br>-барања на граѓаните преку разни форми на граѓанско учество (јавни расправи, анкети,јавни советодавни комитети, форуми)<br>-расположива техничка документација<br>-развојни програми, студии<br>-лични проценки |
| Од 24/05/20<br>До 03/06/20 | Подготовка на драфт верзија (апликација) на проекти за капитални инвестиции од страна на апликантите |
| Од 04/06/20<br>До 09/06/20 | Назначените службеници од секторите за ЛЕР и Буџет и финансирање на општината подготвуваат анализа на финансиските можности и нивна усогласеност со стратешките цели. |
| Од 10/06/20<br>До 20/06/20 | Работната група врши анализа на усогласеноста на предлог проектите со развојната политика и финансиските сценарија. Во рамките на оваа активност работната група може да предложи ревизија и прилагодувања на финансиските сценарија со цел да се овозможи реализација на капиталните инвестиции. |
| Од 20/06/20<br>До 30/06/20 | Работната група развива и одобрува евалуациони критериуми, листи за рангирање на проекти според приоритетноста |

| | |
|---|---|
| Од 30/06/20<br>До 15/07/20 | УТ ги анализира и ако и е потребно ги ревидира инвестиционите предлози, ги одобрува листите на повеќегодишните проекти и ги доставува до извршните тела на општината на конечна анализа и одобрувања |
| Од 15/07/20<br>До 15/08/20 | Листата на проекти се става на јавна расправа, анкета на фокус групи и други форми на истражувања |
| Од 15/08/20<br>До 30/08/20 | Одделот за локален економски во соработка со техничките служби развиваат повеќегодишна програма на капитални инвестиции |
| Септември-октомври | Градоначалникот на општината подготвува Предлог план на програми за развој усогласен со Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот на општината најдоцна до 20октомври тековната година |
| 1 септември | Формуларите за подготовка на предлог – буџетската пресметка се подготвуваат и се дистрибуираат до општинските буџетски корисници од страна на градоначалникот и финансискиот оддел на општината |
| 15 септември | Буџетските информации за тековната и за минатата година се ставаат на формулари за секој оддел и општински буџетски корисник заедно со упатствата за основните насоки и препораки од градоначалникот |
| 1 октомври | Проценка на трошоците за следната буџетска година се враќаат на финансискиот оддел од страна на раководителите на одделите и општинските буџетски корисници |
| 10 октомври | а) се анализираат буџетските барања од страна на финансискиот оддел<br>б) барањата се анализираат, усогласуваат и поднесуваат до градоначалникот<br>в) се изготвува предложениот трошковен план од финансискиот оддел<br>г) се подготвува предложената програма за приходи од страна на финансискиот оддел |
| 15 октомври | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените предлог буџетски пресметки и го одобрува предлог –буџетот |
| 15 ноември | а) Предлог –буџетот се доставува до Советот на општината<br>б)се објавува содржината на предлог буџетот и се дава на достапност на јавноста<br>в)се одржуваат јавни расправи |
| 1 декември | Се доставува конечен Предлог – буџет од страна на градоначалникот |
| 10 декември | Се води расправа во телата на Советот на општината |
| 20 декември | Седницата на Советот на општината за донесување на буџетот за наредната буџетска година |
| 1 јануари | Започнува новата буџетска година |

СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
БРАНЕ ЈОВАНОСКИ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14 и 1/15), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Буџет на Општина Македонски Брод за 2020 година, Одлука за извршување на Буџетот за 2020 година и Буџетски календар за 2020 година

Се објавува Буџет на Општина Македонски Брод за 2020 година, Одлука за извршување на Буџетот за 2020 година и Буџетски календар за 2020 година, што Советот на Општина Македонски Брод ги донесе на седницата одржана на ден 30.12.2019 година.

Бр. 08 - 974/7

31.12.2019 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник

Живко Силјаноски с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за платниот промет („Службен весник на РМ“ бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/2010, 35/2011, 11/2012, 59/2012, 166/2012, 170/2013, 153/2015, 199/2015 и 193/17), Советот на Општина Македонски Брод на 31-та седница одржана на 30.12.2019 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А
## за утврдување денарски благајнички максимум за 2020 година

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува денарскиот благајнички максимум за 2020 година во износ од 20.000,00 денари.

**Член 2**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“, а ќе се применува од 1 –ви Јануари 2020 година.

**Бр.18-974/4**
**30.12.2019 год.**

**Претседател на Совет на**
**Општина Македонски Брод**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за утврдување денарски благајнички максимум**

**за 2020 година**

Се објавува Одлука за утврдување денарски благајнички максимум за 2020 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.12.2019 година.

**Бр. 08 - 974/7**

**31.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03..4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 Декември 2019 година, донесе

# О Д Л У К А

**за давање на согласност на Програма за работа за 2020 година**

**на ОУ Дом на културата - Македонски Брод**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод дава согласност на Програма за работа за 2020 година на ОУ Дом на култура – Македонски Брод бр.01-249/1 од 10.12.2019 година, донесена на седница на УО на Дом на култура - Македонски Брод одржана на ден 12.12.2019 година со арх.број 02-252/3.

**2**. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 18 - 974/5
30.12.2019 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање на согласност на Програма за работа за 2020 година на ОУ Дом на култура - Македонски Брод**

Се објавува Одлука за давање на согласност на Програма за работа за 2020 година на ОУ Дом на култура - Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.12.2019 година.

**Бр. 08 - 974/7**

**31.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 93/12; 41/14; 129/15; 71/16; 106/16), Советот на Општина Македонски Брод го разгледа Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода - пожар на подрачје на Општина Македонски Брод, на 31-та седница одржана на ден 30.12.2019 година, го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – Пожар

1. Се усвојува Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – Пожар на подрачје на Општина Македонски Брод случен во период 18 - 29.03.2019 година.
2. Проценетата вредност на штета од елементарна непогода-пожар изнесува 1.037.885,00 денари.
3. Составен дел на овој Заклучок е Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода-пожар, но составен дел на Извештај-Елаборат се и табеларните прегледи бр.10-336/8 од 11.11.2019 година.
4. Заклучокот влегува на сила од денот на донесување на Совет.

Бр.18 - 974/6
30.12.2019 год.

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Бране Јованоски с.р.

**И З В Е Ш Т А Ј – Е Л А Б О Р А Т**

за проценета штета од елементарна непогода – **ПОЖАР**

## 1.ОПШТ ДЕЛ

Во периодот од 18-29.03.2019 година, на подрачјето на село Ботушје од непознат сторител предизвикан беше пожар, кој зафатил голема површина од шума, родни дрва, помошни објекти, а потоа се зафатени и други објекти наменети за домување.

Со елементарната непогода беше направена штета на територија на катастарска општина Ботушје.

Со примена на Единствената методологија за процена на штетите од елементарни непогоди и други неподоги ("Службен весник на Република Македонија" бр.75/01) се обезбедени принципи и методи за проценка.

## 2.ЦЕЛ НА ПРОЦЕНА

Цел на процената на штета е утврдување на видот и големината на штета во физички и вредносни показатели, по територии (месни заедници), средства и блага, време и причини за настанување на штетата и тоа по корисници и сопственици.

Резултатите од процената се користат за утврдување на големината на загубите.

## 3.ПРЕДМЕТ НА ПРОЦЕНА

Предмет на процена се директни односно непосредни штети на оштетена и уништена опрема (друга опрема и алат), обртни средства (овошје), уништени добиточен фонд, живина и риби (кошници за пчели) кај граѓани и градежни објекти и тоа:

- Опрема (алат и друга опрема)
- Обртни средства (овошје)
- Добиточен фонд, живина и риби (кошници за пчели)
- Градежни објекти (помошни објекти)

Штетата се проценува на сите средства и блага што претрпеле штета, без оглед на тоа дали се осигурани кај осигурителни друштва. Предмет на процена се и штетите на објекти градени без градежна дозвола и на објекти без конструкциони својства на отпорност на земјотрес.

Сите средства и блага на кои се проценува штета се разработени во "Номенклатурата на средства и други блага" од Методологијата, како нужно за правилно и еднообразно распоредување на истите за кои се проценува штета.

## 4.ОПИС НА ОСНОВНИ ПОИМИ И ПРИЧИНИ ЗА ШТЕТА

Причини за предизвикана штета се : ***Пожар***

Како пожар се смета секој оган што настанал надвор од контролирано огниште, или оган кој го напуштил ова место и е способен понатаму да се развива со сопствена сила, при шшто нанесува матријална штета.

## 5. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ЗА ПРОЦЕНА НА ШТЕТИ

Штетата е проценета комисиски и тоа со директен увид во секое средство и благо во сопственост на правни лица, самостојни вршители на дејност и граѓани што претрпеле каква и да е штета. За секое прегледано средство е утврдено дали е оштетено или уништено.

- За оштетена опрема износот на штета се проценува во висина на трошоци на поправка, а за уништена опрема во висина на нејзината сегашна вредност.
- За уништените обртни средства (овошје) износ на штета се пресметува родот од уништените стебла.
- За штети на кошници за пчели износот на штета се проценува како производ од вкупната количина на кошници за пчели по соодветната просечна цена.
- За уништени објекти во сопственост на приватни субјекти штета се пресметува во висина на сегашна вредност.

Процена на штета е извршена со помош на Образец Ш-03 штета на други средства и блага каде се внесени физички податоци и табела 2 каде е извршена пресметка на штета, но и на образец Ш-01 Штета на градежни објекти.

## 6.ЦЕНИ ПОТРЕБНИ ЗА ПРОЦЕНА НА ШТЕТА

Применетите цени во процената на штети се обезбедени од страна на Комисија за процена на штети настанати од природни непогоди, епидемии и други несреќи во Општина Македонски Брод, од контакти со проценители од осигурителните друштва а претежно цените од пазарот во општината.

Просечните цени од пазарот во моментот на настанување на штета од елементарни непогоди се дадени во образец Ш-08.

## 7.ИЗГОТВУВАЧ НА ИЗВЕШТАЈ-ЕЛАБОРАТ

Изготвувач на Извештајот е Комисија за процена на штета настаната од природна непогода, епидемии и други несреќи во Општина Македонски Брод во состав:

1. Зоран Новески - дип.градежен инженер
2. Славе Ѓурчиноски - градежен техничар
3. Вања Димоска - дип.по безбедност и финансиска контрола
4. Добре Смилески - дип. земјоделски инженер
5. Иљаз Мифтароски - доктор по ветерина
6. Александар Максимоски - дип.шумарски инженер
7. Игор Јанкулоски – електротехничар и енергетичар

Избрани од Советот на Општина Македонски Брод (Одлука од Совет на Општина Македонски Брод бр.18-589/2 од 18.08.2017г.)

## 8.РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕНЕТАТА ШТЕТА

Комисијата изврши непосреден увид на сите објекти за кои е побарана проценка и со помош на Единствената методологија за процена на штета од елементарни и други непогоди ја утврдува висината.

Проценетата штета е следнава:

Обртни средства (овошје) – 280.200,00
Опрема (друга опрема) – 4.500,00
Добиточен фонд, живина и риби (кошници за пчели) – 223.200,00
Градежни објекти (помошни објекти) – 529.985,00

или Вкупно проценета штета од **1.037.885,00** денари

## 9.ЗАВРШЕН ДЕЛ

Овој Елаборат се доставува до Советот на Општина Македонски Брод на разгледување и усвојување. Усвоениот Елаборат од Советот на Општина Македонски Брод се доставува до:

1.Влада на Република Македонија
- Републичка комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи.
2. Државен завод за статистика

Составен дел на Елаборатот се:
Табела 1: Збирен преглед на штети по видови средства и сопственост
Табела 4: Преглед на штети по месни заедници и по сопственост
Табела 5: Преглед на штети по видови и групи на средства во сопственост – приватна
Табела 9: Преглед на штети на неосигурени средства и блага по видови и групи средства во сопственост – приватна
Образец Ш-08: Просечни цени за процена на штети

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди, епидеми и други несреќи во Општина Македонски Брод

1. Зоран Новески
2. Славе Ѓурчиноски
3. Вања Димоска
4. Добре Смилески
5. Илјаз Мифтароски
6. Александар Максимоски
7. Игор Јанкулоски

Табела 1

## ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ ПО ВИДОВИ СРЕДСТВА И СОПСТВЕНОСТ

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **пожар-2019**
Општина

во илјада денари

| | Вкупна штета | | | На средства на деловни субјекти | | | На средства во сопственост на граѓани | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | на оштетени средства | на уништени средства | вкупно | оштетени | уништени | вкупно | оштетени | уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| ВКУПНО [1] | 1037,9 | | 1037,9 | | | | 1037,9 | | 1037,9 |
| ЗЕМЈИШТЕ | | | | | | | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 530 | | 530 | | | | 530 | | 530 |
| ОПРЕМА | 4,5 | | 4,5 | | | | 4,5 | | 4,5 |
| ДОЛГОГОДИШНИ ЗАСАДИ | | | | | | | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ | | | | | | | | | |
| ДОБИТОЧЕН ФОНД ЖИВИНА И РИБА | 223,2 | | 223,2 | | | | 223,2 | | 223,2 |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА | 280,2 | | 280,2 | | | | 280,2 | | 280,2 |
| БЛАГА Културни блага Блага во домаќинството | | | | | | | | | |
| ДРУГИ СРЕДСТВА И БЛАГА | | | | | | | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ШТЕТА | | | | | | | | | |
| ИНДИРЕКТНА ШТЕТА | | | | | | | | | |
| ШТЕТИ НА СРЕДСТВА НА АРМ | | | | | | | | | |

[1] Хоризонталните збирови не се согласуваат за износот на трошоците и на индиректните штети, бидејќи овие износи не мошеле да бидат прикажани ниту како оштетени ниту како уништени средства

Табела 4

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИ ПО МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И ПО СОПСТВЕНОСТ

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **пожар-2019**
Општина

во илјада денари

| Назив месната заедница | Вкупна штета | | | На деловни субјекти | | | На средства во сопственост на граѓани | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | На оштетени средства | На уништени средства | Вкупно | оштетени | уништени | Вкупно | оштетени | уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| **ВКУПНО** | 1037,9 | | 1037,9 | | | | 1037,9 | | 1037,9 |
| Ботушје | 1037,9 | | 1037,9 | | | | 1037,9 | | 1037,9 |

Табела 5:

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ ПО ВИДОВИ И ГРУПИ НА СРЕДСТВАТА ВО СОПСТВЕНОСТ- приватна

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **пожар-2019**
Општина

| | Единица на мера | Количество | | Износ на штетата во денари | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | оштетена | уништена | На оштетени средства | На уништени средства | Вкупно (5+6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ВКУПНО | | | | | **1037,9** | **1037,9** |
| | | | | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ<br>Брани и насипи итн. Според Номенклатурата | | | 5 | | 530 | 530 |
| ОПРЕМА<br>Енергетски машини, уреди и постројки итн. | парче | | 7 | | 4,5 | 4,5 |
| ДОЛГОГОДИШНИ НАСАДИ<br>Овоштарници итн. | | | | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ<br>Шуми на широколисници итн. | | | | | | |
| ДОБИТОЧЕН ФОНД, ЖИВИНА И РИБА<br>Коњи, мулиња, мазги итн. | парче | | 31 | | 223,2 | 223,2 |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА<br>Суровини и репродукционен материјал<br>Полупроизводи и надворешни производи, текушто земјоделско производство итн. Според Номенклатурата | тони | | 3,585 | | 280,2 | 280,2 |
| БЛАГА<br>Културни блага<br>Објекти<br>Предмети<br>Блага во домаќинствата итн според Номенклатурата | | | | | | |
| ДРУГИ СРЕДСТВА И БЛАГА | | | | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ СО ШТЕТАТА | | | | | | |
| ИНДИРЕКНА ШТЕТА | | | | | | |
| ШТЕТА НА СРЕДСТВА НА АРМ | | | | | | |

Табела 9

# ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ НА НЕОСИГУРЕНИ СРЕДСТВА И БЛАГА ПО ВИДОВИ И ГРУПИ СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ

**приватна**

(општествена, приватна, задружна, мешовита, државна)

Територија **МАКЕДОНСКИ БРОД** Причина за штетата и година: **пожар-2019**

Општина

во илјада денари

| | Вкупна штета | Штета на средства во сопственост на деловниот субјект | Штета на средства во сопственост на граѓани |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ВКУПНО | 1037,9 | | 1037,9 |
| ЗЕМЈИШТЕ<br>Земјоделско земјиште итн. според Номенклатурата | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ<br>Брани и насипи итн. според Номенклатурата | 530 | | 530 |
| ОПРЕМА<br>Енергетски машини, уреди и постројки итн | 4,5 | | 4,5 |
| ДОЛГОГОДИШНИ ЗАСАДИ<br>Овоштарници итн. според Номенклатурата | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ<br>Шуми и широколисници итн. според Номенклатурата | | | |
| ДОБИТОЧЕН ФОНД ЖИВИНА И РИБА<br>Коњи, мулиња, мазги, магариња итн. според Номенклатурата | 223,2 | | 223,2 |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА<br>Суровини и репродукционен материјал<br>Полупроизводи и недовршени производи итн. според Номенклатурата | 280,2 | | 280,2 |
| БЛАГА<br>Културни блага<br>објекти<br>предмети<br>Блага во домаќинството<br>итн. според Номенклатурата | | | |
| ДРУГИ СРЕДСТВА И БЛАГА | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ШТЕТА | | | |
| ИНДИРЕКТНА ШТЕТА | | | |
| ШТЕТИ НА СРЕДСТВА НА АРМ | | | |

ПРОЦЕНА НА ШТЕТАТА Образец Ш-08

Од **пожар** /Ш/0/8/

Ред. бр. на образецот /0/0/0/1/

## ПРОСЕЧНИ ЦЕНИ ЗА ПРОЦЕНА НА ШТЕТИТЕ

Комисија која ги обезбедила цените

***Општинска Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди, епидемии и други несреќи во Општина Македонски Брод,*** цените ги обезбеди на тој начин што се преземени цените на пазарот во време по настанувањето на штетата и кои важеле на подрачјето за кое се проценува штетата.

За уништени опрема, овошје, добиточен фонд, живина и риби (кошници за пчели) се пресметува сегашна вредност како производ на количина и соодветната цена на уништениот примерок, за уништените градежни објекти кај приватни субјекти се зема сегашната вредност.

| Ред број | Назив на позицијатана работата, материјалот и друго | Единица на мера | Просечна цена во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Лешник | кг | 200,00 |
| 2. | Орев до 15г | кг | 120,00 |
| 3. | Орев до 30 г | кг | 120,00 |
| 4. | Костен до 30г | Кг | 80,00 |
| 5. | Јаболко до 30кг | Кг | 25,00 |
| 6. | Сливи до 30г | кг | 10,00 |
| 7. | Круши до 30г | кг | 30,00 |
| 8. | Кошници (со пчели) | Парче | 7.200,00 |
| 9. | Ножеви за одпечатување | Парче | 300,00 |
| 10. | Комбилизон | Парче | 1000,00 |
| 11. | Пувкало | Парче | 800,00 |
| 12. | Градежни објекти (според Елементи за проценка на станбени објекти од Методологијата за недвижен имот) | | |

Во Македонски Брод

Датум: 11.11.2019 год.

Број: 10-336/8

Членови на Комисијата

1.Зоран Новески с.р.
2.Славе Ѓурчиноски с.р.
3.Вања Димоска с.р.
4.Добре Смилески с.р.
5.Иљаз Мифтароски с.р.
6.Александар Максимоски с.р.
7.Игор Јанкулоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за**

**проценета штета од елементарна непогода – ПОЖАР**

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода – ПОЖАР, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на седницата одржана на ден 30.12.2019 година.

**Бр. 08 -974/7**

**31.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

**Службен гласник број 14 од 31.12.2019 година на Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А

Буџет на Општина Македонски Брод за 2020 година, Одлука за извршување на Буџет на Општина Македонски Брод за 2020 година и Буџетски календар за 2020 година ........................................................................................................................ стр. 2

Заклучок за објавување на Буџет на Општина Македонски Брод за 2020 година, Одлука за извршување на Буџет на Општина Македонски Брод за 2020 година и Буџетски календар за 2020 година ........................................................................................ стр. 50

Одлука за утврдување на денарски благајнички максимум за 2020 година ..... стр. 51

Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на денарски благајнички максимум за 2020 година ........................................................................................ стр. 52

Одлука за давање на согласност на Програма за работа за 2020 година на ОУ Дом на култура - Македонски Брод ........................................................................................ стр. 53

Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност на Програма за работа за 2020 година на ОУ Дом на култура - Македонски Брод ................................................ стр. 54

Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода - Пожар ........................................................................................ стр. 55

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за проценета штета од елементарна непогода - Пожар .................................................... стр. 66